*А. Стојановски*

# КУМАНОВО, НАСЕЛБА СО ДАЛЕЧНО МИНАТО

Досегашните наши познавања за минатото на градот Куманово не одеа подалеку од втората половина на XVII век. Најстариот изворен податок за неговото постоење се земаше од „Патописот" на познатиот турски патописец Евлија Челебија, кој низ градот поминал во 1660 година и го забележал следново:

„Таа касаба се наоѓа на територијата на Скопскиот санџак и претставува еден војводалак. Тоа е каза во ранг на каза од сто педесет акчи. Но најчесто се приклучува кон Скопската каза. Местото е украсено со многу реки и искитено со шестотини со керамида покриени куќи. Џамијата што се наоѓа во чаршијата убава е. Тука има текија, медреса, хан, амам, достатен број дуќани и воденици. Климата е добра и пријатна. Лозја и бавчи има многу."[1])

Фактот дека во времето на Евлија Челебија Куманово веќе било мала градска населба – касаба, јасно упатува на заклучок дека неговиот постанок треба да се бара многу пред тоа, доколку се претпостави неговото нормално израснување од помала, селска населба. Впрочем, во текстот на дечанската хрисовула од XIV век се спомнува истоимено место[2]), кое во историската литература се идентификуваше со денешниот македонски град Куманово.[3]) Во поново време, се чини со многу солидна и убедлива документација, Атанасие Урошевиќ покажа дека тоа е погрешно и дека „спомнувањето на тоа средновековно Куманово се однесува на некоја истоимена населба што тогаш постоела во косовската, а не жеглиговската (т. е. кумановската б. н.) област".[4]) И така, единственото, несигурно укажување за постоењето на оваа населба во постариот период и натаму останувааше самото нејзино име, кое се доведува во врска со Куманите (скитачко племе, чии припадници продираат и делумно се населуваат во Македонија во втората половина на XI век.[5])

Целта на овој напис е, врз основа на оригинална, досега непозната изворна граѓа, да изнесе некои нови податоци и заклучоци кои ќе ги дополнат, а донекаде и коригираат, досегашните познавања за минатото на денешното Куманово.

Во Архивот на Претседателството на владата на Република Турција во Истанбул се чува огромен број официјални катастарски книги од XV—XVII век, кои содржат драгоцени податоци за населбите на опширната Османска Империја, во чиј состав тогаш влегувала и Македонија. Книгите се толку педантно составувани што дури и модерната администрација може да им позавиди. Катастарските пописи

---

[1]) Evlija Čelebija, Putopis. Odlomci o jugoslovenskim zemljama, II, Sarajevo, 1957, 44.

[2]) Гласник Српског ученог друштва, II одељење, кн. XII, 26—27.

[3]) Јов. Х. Васиљевић, Јужна Стара Србија, I, Кумановска област, Београд, 1909, 486—487; К. Н. Костић, Наши нови градови на Југу, Београд, 1922, 121; Јов. Ф. Трифуновски, Македонска градска насеља, Београд, 1947, 12; и др.

[4]) Атанасије Урошевиќ, Куманово. Годишен зборник Филозофски факултет на Универзитетот — Скопје, (Скопје), 1949, 9.

[5]) Tapu tahrir defteri No 170, стр. 202.

обично биле вршени на лице место, од страна на специјални комисии, во чиј состав влегувале угледни и стручни личности, кои, притоа, многу добро го познавале теренот. Основната цел на тие пописи била да се осигура точна евиденција на населението, феудалните поседи и приходите, што било еден од предусловите за нормалното функционирање на османскиот феудален систем. Во една таква книга, составена во 1519 година, зарегистрирано е и Куманово. Тогаш тоа било село, што влегувало во границите на нахијата Нагорич (според истоименото село, денешното Нагоричане, кое било центар на нахијата), од Ќустендилскиот санџак. Веќе во тоа време во селото живеела бројна група муслиманско население, секако, пред сè колонизирани припадници на турската народност: 19 фамилии и 4 неженети. Но, сепак, доминантно било македонското христијанско население: 33 фамилии и една вдовица, некоја си Милица. Ако претпоставиме дека една фамилија во просек броела 5—6 члена, што за тогашните прилики секако не ќе е претерано, може да се заклучи дека Куманово, во наведената 1519 година, имало околу 300 жители, односно дека било доста голема селска населба. Меѓутоа, она што уште тогаш го одликувало од другите села од неговата поблиска околина и што му давало печат на стопански и трговски центар, макар и од локален карактер, е неговата улога на пазариште. Во пописот е зарегистриран годишен приход од пазарната такса на селото, во износ од 3000 акчиња.[6])

Наредниот катастарски попис со кој располагаме е составен во 1550 година. И во него Куманово сè уште фигурира како село, што и припаѓало на истата нахија. Но, додека порано било во раце на ситен феудалец (спахија), како одделен тимар, овој пат претставувало составен дел од хасовите на ќустендилскиот санџак-бег.[7]) Бројната состојба, како и етничкиот состав на населението, останала скоро непроменета. Зарегистрирани биле: 30 фамилии 4 неженети и една вдовица — христијани и 24 муслимански фамилии. Интересно е да се одбележи дека прв на списокот на христијанското население се наоѓа некој си поп Тодор, секако селскиот поп. Засега е невозможно да се одгатнат вистинските причини за очигледната стагнација во развитокот на населбата, иако е многу веројатно за тоа да придонело создавањето на поголем број чифлизи, што апсорбирале добар дел од плодната кумановска почва, а со тоа ја стеснувале економската основа за егзистенција на феудално зависното население (рајата). Во 1550 година во атарот на Куманово имало вкупно 14 чифлизи во рацете на муслимани, од кои осум биле спахии, а двајца јаничари, односно, претставници на владеачката феудална класа.[8]) Тоа е несомнено сведоштво дека овде, веќе кон средината на XVI век, бил на лице процесот на создавање нови, чифлигарски односи, во пазувите на стариот тимарско-спахиски систем.

Од друга страна, по сè личи дека Куманово, во прв ред поради својата географска положба и благопријатните услови за стопанисување, од ден на ден станувало сè позначаен економски и политички центар во

---

[6]) Исто, 202.
[7]) Tapu tahrir defteri No 267, стр. 844—845.
[8]) Исто, 844—845.

околијата. Така, пазарната такса (навистина заедно со порезот на вино и невести) во 1550 година се зголемила на 5000 акчи.[9]) Селото веќе добило и голема муслиманска црква – џамија, која имала свој имам (главен верски службеник, којшто ги предводува заедничките молитви), два муезини (верски службеници што ги повикуваат верниците на молитва) и еден прислужник (каим). Ова е бездруго онаа иста џамија што на турскиот патописец Евлија Челебија му оставила впечаток на убава градба.

Најпосле, од еден недатиран попис, кој највероjатно е составен во втората половина на XVI век или најдоцна во почетокот на XVII век, дознаваме дека наместо с. Нагоричане, улогата на административен центар на нахијата ја презело Куманово, поради што дошло и до промена на нејзиното име во Кумановска нахија. Ова би можело да значи дека Куманово веќе прераснало во мала градска населба – касаба, каква што ја видел Евлија Челебија во 1660 година.

Во светлината на сите овие податоци не може веќе да постои никакво сомневање дека Куманово е многу стара населба. Неговото потекло секако треба да се бара во предосманскиот период, бидејќи тоа уште во почетокот на XVI век е типично мешана населба во етнички и верски поглед. Нормално е да се претпостави неговата населеност од домородно население во моментот на турското завојување во крајот на XIV век, а турската колонизација можела да настапи веднаш или малку подоцна, во текот на XV век. Ако тоа беше настанало во условите на турско-османската власт во Македонија, не ќе можеше да го има оној состав на населението што е присутен во пописот од 1519 година. Тоа сигурно ќе беше или чисто турско или чисто македонско село, бидејќи е тешко да се верува во толку брза колонизација на една новосоздадена македонска населба.

Фактот дека патописците од XV и XVI век, коишто врвеле по значајната во тоа време комуникација Скопје—Ќустендил, не го спомнуваат Куманово, не може да биде доказ за неговото непостоење[11]), тоа од две причини: 1. Куманово во тоа време останувало по страна од спомнатата комуникација (таа минувала недалеку од него, но не и преку него)[12]), 2. во тоа време Куманово било село кое немало такво значење што посебно би го свртувало вниманието на патописците.

Благодарејќи на неговата географска положба и плодното поле што го опкружува, Куманово многу рано, уште како село, станало мал трговски центар од локален карактер, во кој се одржувале редовни пазарни денови. Сето тоа придонело, некаде во интервалот од средината на XVI до почетокот на XVII век, Куманово да прерасне во градска населба и да стане центар на истоимена нахија, преземајќи му ја таа улога на старото и во историјата добро познато Нагоричане.

---

[9]) Исто, 845.

[10]) Maliye defteri No 344, стр. 3.

[11]) Спореди: А. Урошевиќ, цит. дело, 9.

[12]) Йордан Иванов, Северна Македония, София, 1906, 149—159; Александар Стојановски, Дервенџиството во Македонија, Гласник на Институтот за нац. историја, IX 1 (Скопје, 1965), 67—68.